**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-306/4***
***Скопје,27.04.2006 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии – Функции на државата (во натамошниот текст: МФ - Функции на државата), а кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија во рамките на ревизијата на финансиските извештаи на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и е издаден извештај на Министерството за финансии - Буџет на Република Македонија за 2003 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р Никола Поповски, Министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 07/12/2005 до 07/02/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - › Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - › Абдула Адеми - Самостоен ревизор
   - › Росица Шалевиќ Христовска - Ревизор
   - › Бранка Ажиевска - Ревизор



***Овластен државен ревизор***

__________________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 08/13865 од 19/04/2006 година, и тоа на точките 10.1.1. и 10.2.1. и истите не се прифатени од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неусогласеност на акти**

11.1.1. Констатирана е неусогласеност помеѓу планираните средства во програма 13 – Телеком инвестициони проекти и прегледот на Проекти финансирани од Телеком од Законот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 2004 година во вкупен износ од 14,413 илјади денари, и тоа кај следните позиции:

- Капитални трансфери до други нивоа на власт, за 7,213 илјади денари.
- Изградба, реновирање и унапредување, за 7,199 илјади денари.

**Препорака:**

Одговорните лица во Секторот за буџет и фондови, при изготвувањето на Буџетот да извршат усогласување со поодделните проекти.

**11.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.2.1. Констатирана е разлика во искажаните расходи во сметководствената евиденција во електронската форма во Буџетот наменета за Функциите на државата, расходите искажани во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и расходите наведени во Годишната сметка на Министерство за финансии Функции на Државата (Прилог 1).

**Препорака:**

Одговорните лица во Секторот за трезор пред усвојување на Годишната сметка да извршат усогласување на расходите искажани во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

12. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точка 11.1 и 11.2., финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Министерството за финансии – Функции на државата под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

13. Според наше мислење, остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**14. Информација за спроведени препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2003 година:**

Со ревизијата се констатира дека Министерството за финансии нема постапено според препораките по Конечниот извештај за финансиските извештаи за 2003 година во следните случаи:

- Сметководствените настани не се целосно поткрепени со сметководствени документи;
- Не е воспоставена евиденција за отплата на долгот и гаранциите на Републиката дефинирано со Законот за буџетите;
- Реализацијата на средствата од Телеком да се извршува во рамките на предвидените средства со Буџетот (делот за неусогласени состојби помеѓу планирани средства со буџетот и Проектите за финасирање од средствата на Телеком кои се во прилог на Буџетот);
- Доследна примена на одредбите на Законот за извршување на буџетот за 2004 година во делот за извршување на пооделни програми (во делот за целосно оформена документација на финансираните активности за системски реформи);
- Не е презентиран документ дека е иницирано прашањето за измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа за трансформирање на Секторот за трезор во посебен орган во рамките на Министерството за финансии.

**Скопје, 26/04/2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

| | | во 000 Ден. |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2004** | **2003** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 10,396,610 | 13,215,994 |
| **Вкупно приходи** | **10,396,610** | **13,215,994** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и други услуги | 384,536 | 330,840 |
| Тековни трансфери | 2,231,586 | 3,047,335 |
| Каматни плаќања | 989,000 | 1,245,129 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3,605,122** | **4,623,304** |
| **Капитални расходи** | | |
| Купување на капитални средства | 558,267 | 753,399 |
| Капитални трансфери | 1,742,369 | 2,033,567 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,300,636** | **2,786,966** |
| **Заеми и учество во капитал** | **77,352** | **637,003** |
| **Отплата на главница** | **4,413,500** | **5,168,721** |
| **Вкупно расходи** | **10,396,610** | **13,215,994** |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА 31.12.2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 268,512 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **268,512** | **0** |
| **Вкупна актива** | **268,512** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 268,512 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **268,512** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **268,512** | **0** |